**БАРАЊЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ**
**ЕЛЕКТРОНСКИ СЕРВИСИ ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**
**за физичко и за правно лице**

| **Корисник на пакетот – основни информации*** | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме на корисник- физичко лице | | | |
| Назив на правно лице | | | |
| ЕМБГ на физичко лице/МБ на правно лице | | | |
| Адреса на живеење или адреса на правно иде | | | |
| Адреса за контакт на физичко или правно лице | | | |
| Бр. на телефон на физичко или правно лице | | Бр. на моб. тел. | |
| E-mail на физичко или правно лице | | | |
| Трансакциска сметка на корисник физичко лице | | | |
| Трансакциска сметка на корисник правно лице | | | |
| **Физичко лице пополнува* | *Име и презиме, ЕМБГ, адреса на живеење, адреса за контакт, бр. па тел., е-маил, тр. сметка* | | |
| **Правно лице пополнува* | *Назив, МБ, адреса и адреса за контакт на правно лице, бр. на тел.,. e-mail, тр. сметка* | | |

| **Вид електронски сервис за информирање (да се пополни)** | |
|---|---|
| ☐ **SMS 1 ПАКЕТ- со надоместок** | Известување за изготвена / реиздадена картичка<br>Известување за одобрено барање за кредит<br>Известување за пристигнат прилив - денарски /девизен (плата/пензија, дознака и сл.)<br>Известување за извршена поединечна трансакција со платежна картичка настаната во земјата или во странство (подигање готовина од АТМ, трансакции на POS терминал, на шалтер, трансакции преку интернет) за износ на трансакција над 200 ден. |
| ☐ **E-MAIL ПАКЕТ – без надоместок** | Месечен извештај за кредитна картичка<br>Известување за промена на каматни стапки, промена на ануитети, нови поволности и сл.<br>Известување за реиздадена картичка<br>Известување за истекување на дозволено пречекорување на ТРС<br>Известување за издаден дигитален сертификат за е-банка |
| ☐ **E-MAIL ПЛУС ПАКЕТ – со надоместок** | Месечен извештај за кредитна картичка<br>Известување за промена на каматни стапки, промена на ануитети, нови поволности и сл.<br>Известување за изготвена / реиздадена картичка<br>Известување за истекување на дозволено пречекорување на ТРС<br>Известување за издаден дигитален сертификат<br>Известување за одобрено барање за кредит<br>Известување за месечна обврска за кредит, кредитна картичка<br>Известување за пристигнат прилив - денарски /девизен (плата/пензија, дознака и сл.)<br>Известување за одлив од денарска/девизна сметка<br>Известување за извршени трансакции со платежна картичка настанати во земјата или во странство (подигање готовина од АТМ, трансакции на POS терминал, на шалтер, трансакции преку интернет) за износ на трансакција над 200 ден. |
| ☐ **SMS ПАКЕТ – без надоместок** | Известување за промена на каматни стапки, промена на ануитети, нови поволности и сл.<br>Известување за реиздадена картичка<br>Известување за истекување на дозволено пречекорување на ТРС<br>Известување за издаден дигитален сертификат |
| ☐ **SMS ПЛУС ПАКЕТ – со надоместок** | Известување за промена на каматни стапки, промена на ануитети, нови поволности и сл.<br>Известување за изготвена / реиздадена картичка<br>Известување за истекување на дозволено пречекорување на ТРС<br>Известување за издаден дигитален сертификат<br>Известување за одобрено барање за кредит<br>Известување за месечна обврска за кредит, кредитна картичка<br>Известување за пристигнат прилив - денарски /девизен (плата/пензија, дознака и сл.)<br>Известување за одлив од денарска/девизна сметка<br>Известување за извршени трансакции со платежна картичка настанати во земјата или во странство (подигање готовина од АТМ, трансакции на POS терминал, на шалтер, трансакции преку интернет) за износ на трансакција над 200 ден. |

**Датум:_________________Место:__________** **Потпис на барателот:____________________________**

Со потпишување на барањето потврдувам дека: 1. Податоците наведени во барањето се вистинити и при промената на податоците благовремено ќе ја известам Банката; 2. Во целост ја прифаќам содржината и се обврзувам дека ќе ги почитувам Општите услови за користење на електронските сервиси за информирање; 3. Банката може да ги користи моите податоци во согласност со законските прописи за заштита на личните податоци (вклучувајќи го и ЕМБГ); 4. Банката може да ги користи моите лични податоци за ажурирање на моите податоци во системот или со цел да ме контактира при промовирање на своите производи и услуги, да ги отстапи на трети лица врз основа на склучен договор со Банката.

**ПОПОЛНУВА БАНКАТА**:

**Датум:_________________Место:____________** **Потпис на овластено лице:________________________**

## ОПШТИ УСЛОВИ
## за користење електронски сервиси за информирање на ТТК БАНКА АД Скопје

**I.Општи одредби**

Со Општите услови за користење електронски сервиси за информирање на ТТК БАНКА АД Скопје, (во понатамошниот текст: Условите) се регулираат: начинот, условите и правата и обврските за користење на сервисите за SMS и e-mail известувања (во понатамошниот текст: електронски сервиси за информирање) на ТТК БАНКА АД Скопје (во понатамошниот текст: Банка).

Електронските сервиси за информирање се информациски електронски сервис на Банката, кој им овозможува на корисниците на производите и услугите на Банката да добиваат SMS и e-mail известувања за производите дефинирани во точка IV од овие Услови.

**II. Корисници на електронски сервиси за информирање**

Корисник на електронски сервиси за информирање може да стане секој клиент физичко/правно лице кое:

- има отворено денарска / девизна трансакциска сметка,
- е корисник на кредит
- е корисник на дебитна и/или кредитна картичка,
- е корисник на депозитен производ
- во согласност со изборот на сервисот за известувања има доставено барање за користење електронски сервиси за информирање (**SMS и e-mail** известувања) и поседува мобилен телефон во мрежата на овластените мобилни оператори на територијата на Република Македонија и/или има отворено e-mail адреса.

**III. Услови за вршење електронски сервиси за информирање**

Корисник на електронски сервиси за информирање (SMS и e-mail известувања) станува секој клиент на Банката кој ќе пополни и ќе потпише барање за користење електронски сервиси за информирање. Со потпишување на барањето, ги прифаќа Условите, а со одобрувањето на барањето од страна на Банката, се заснова договорен однос помеѓу Банката и корисникот за користење на електронските сервиси за информирање.

Корисникот со својот потпис на барањето потврдува дека е запознаен со Условите и без приговор ја прифаќа нивната примена на овој договорен однос.

Банката го задржува дискреционото право да го одбие барањето за користење на електронските сервиси за информирање или да го прекине користењето на сервисот, доколку увиди неправилности при користењето.

**IV. Карактеристики на електронските сервиси за информирање**

Преку електронските сервиси за информирање, Банката на корисникот му овозможува добивање информации кои се во согласност со пополнетото барање од страна на корисникот и во согласност со условите на производот кој го користи корисникот.

Банката доставува редовни известувања во динамика и рокови во согласност со договорните одредби содржани во договорите за користење на одделните производи на Банката.

Банката доставува известувања и за промена во одредени услови за користење одделни производи и услуги на Банката, кои се предвидени како задолжителни во согласност со законските прописи и интерните акти на Банката.

Банката може да достави и други информации и известувања за информирање на клиентот (опомени, промени во каматни стапки и ануитети, известување за издадени картички за врачување, известување за реиздадени картички, известување за состојба на сметка, известување за извршена трансакција на POS, ATM, интернет итн. ) во текот на одвивање на договорните односи поврзани со користењето на одделните производи.

Банката ќе го информира корисникот за секоја промена или дополнително овозможување нов вид известување.

Со овозможување на некој од овие сервиси, корисникот се согласува да ги добива и сите други бесплатни известувања за кои Банката не наплатува надоместок.

**V. Користење на електронските сервиси за информирање**

Корисникот на електронските сервиси прифаќа да биде известуван по пат на бараните сервиси, без разлика дали претходнодоговорениот начин бил известување по пат на пошта. Банката го задржува правото да го задолжи корисникот со реални трошоци, доколку потребните информации му се испраќаат по пошта.

Активирањето на електронските сервиси за информирање се врши врз основа на барање за добивање и користење на електронските сервиси за информирање доставено до Банката. Корисникот по сопствен избор може да аплицира за користење на електронските сервиси за информирање со доставување пополнето барање во експозитура, доставување пополнето барање на факс (со дополнително доставување на оригинално барање по пошта или на шалтер) или скенирано пополнето барање на e-mail.

**Откажување од користење на електронските сервиси за информирање**

Корисникот може привремено да го прекине користењето на електронските сервиси за информирање во случај на губење / кражба на мобилниот телефон, промена или загрозување на приватност на e-mail или поради друга причина. Банката може привремено или трајно да ја блокира употребата на електронските сервиси за информирање врз основа на писмено барање поднесено од страна на корисникот за откажување на сервисот. Повторната употреба на електронските сервиси за информирање се дозволува по пополнување на ново барање од страна на клиентот.

**VI. Надоместок**

Корисникот се согласува Банката да му наплатува надоместок за користење на електронските сервиси за информирање во согласност со Тарифата за надоместоци на услуги кои ги врши ТТК Банка.

За сите пораки испратени во текот на месецот, надоместокот за користење на електронските сервиси за информирање ќе се наплатува на почетокот на следниот месец од трансакциската сметка на корисникот, без достава на посебна фактура.

Доколку корисникот на електронските сервиси за информирање нема доволно средства на својата трансакциска сметка, се согласува Банката, без претходна најава, за наплата на своите побарувања по основ на надоместок за користење на електронските сервиси за информирање во име и за сметка на корисникот да ги употреби постојните средства на корисникот во Банката по сите основи или тековните и идни денарски и девизни приливи на неговите сметки во Банката.

**VII.Промена на податоците на корисникот**

Корисникот е должен писмено да ја извести Банката за: промена на бројот на мобилниот телефон/ e-mail адресата, губење или кражба на мобилниот телефон (веднаш по губењето или кражбата)/затворање или промена на e-mail адресата (веднаш по затворањето или промената), повторно активирање на бројот на мобилниот телефон за доставување известувања и за престанок на користење на сервисите за SMS и e-mail известувања.

Доколку корисникот не постапи во согласност со став 1 од оваа точка, Банката не одговара за евентуалната штета која може да настане поради испраќање и наплаќање на SMS/ e-mail известувања.

**VIII.Заштита на личните податоци и обезбедување сигурност и доверливост на информациите**

Банката се обврзува да ги заштити личните податоци за корисникот во согласност со законските прописи и интерните акти на Банката.

Со потпишувањето на Условите, корисникот се согласува Банката да врши обработка на личните податоци и истите да ги користи со цел да врши проверка и нивна верификација, како и при анализа на другото работење на корисникот преку Банката.

Корисникот на пакетот се согласува Банката да ги користи неговите/нејзините лични податоци за промотивни цели, рекламни материјали и други известувања, за сите производи и услуги на Банката и да ги отстапи на трети лица врз основа на склучен договор со Банката. Корисникот има право во секој момент да ја повлече оваа согласност за користење на личните податоци од страна на Банката или трети лица.

Банката гарантира за доверливоста и за интегритетот на податоците до моментот на нивното излегување од информативниот систем на Банката. Банката не сноси одговорност доколку, поради технички проблем или привремен прекин во работата на мобилниот оператор или авторизацискиот систем на Банката или на серверите или мрежните поврзувања на интернет-провајдерите вклучени во доставувањето на пораката, се случи ненавремено доставување или недоставување воопшто, доколку во Барањето за користење на сервисите за SMS и e-mail известувања доставил неточен или туѓ телефонски број или e-mail адреса на кој/која треба да се доставуваат електронските известувања.

Времето на праќање на пораката е времето кога пораката го напуштила информативниот систем на Банката.

Корисникот се обврзува дека електронските сервиси за информирање ќе ги користи во согласност со Општите услови и ќе ја извести Банката за сите неправилности во користењето.

Секое користење на електронските сервиси за информирање кое е спротивно на Општите услови повлекува автоматско одземање на правото за користење и преземање мерки во согласност со Законските прописи.

**IX. Завршни одредби**

Со доставување пополнето и потпишано барање за користењето на електронските сервиси за информирање на ТТК БАНКА АД Скопје и прифаќање од страна на Банката се смета дека е склучен договор за користење на електронските сервиси за информирање помеѓу Банката и корисникот.

Банката може во согласност со својата деловна политика да ги промени условите за користење на електронските сервиси за информирање, при што е должна да го запознае корисникот со измените.

Корисникот се согласува да биде известен за промената на условите преку овие сервиси или на други начини кои Банката ќе ги определи за известување. Доколку корисникот не се согласува со промената, може да побара прекинување на користењето на електронските сервиси за информирање во рок од 15 дена од денот на објавата на измените во условите. Во тој случај корисникот е должен на Банката да ѝ достави писмено барање за откажување на користењето на електронските сервиси за информирање. Во спротивно ќе се смета дека корисникот се согласува со измените.

Сите можни спорови Банката ќе настојува да ги реши со корисникот во духот на добрата деловна соработка, а, доколку тоа не е можно, надлежен е стварно и месонадлежниот суд според седиштето на Банката.

**Потпис на корисникот**

-----------------------------------------